

Бадник традиционално ќе биде одбележан со собир пред Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје, каде што на годинашниот кум Јовица Угриновски ќе му биде врачен преодниот бадникарски ќуп. Православните христијански верници во Македонија го слават Бадник, еден ден пред големиот празник Рождество Христово - Божик.

Манифестацијата, вообичаено, почнува со подигање на бадникарското знаме, по што следува осветување на бадниковите гранчиња, нафората, топлата ракија и чајот од страна на свештенослужители на Соборниот храм. На платото пред храмот бесплатно ќе бидат делени бадникови гранчиња.

Архиепископот Охридски и македонски, г.г. Стефан со пригодна беседа ќе им се обрати на скопјани и на сите добронамерници. Ќупот на бината ќе го донесат минатогодишните кумови, членовите на групата „Синтезис“.

Здравицата за здравје, среќа и успех ќе ја каже Братислав Димитров, а на скопјани ќе им се обрати и градоначалникот Коце Трајановски.

Свештениците од соборниот храм „Свети Климент Охридски“, потоа ќе ги осветат нафората, чајот и ракијата, како и бадникарските гранчиња, што годинашните кумови и здравичарот традиционално порано ги набраа од падините на Водно, а кои ќе им се делат бесплатно на присутните.



